## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 и 123/12) и член 103 став 1 потточка 3) од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10 и 26/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања
## („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува методологијата за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземените врз основа на ненаплатени побарувања.

2. Одделни изрази употребени во оваа одлука го имаат следново значење:

2.1. Под преземени средства се подразбираат сите средства (имот во земјиште, згради, опрема и слично) коишто се преземени врз основа на ненаплатени побарувања, со исклучок на преземените хартии од вредност и удели.

Одредено средство се смета за преземено во моментот на стекнување правна основа за запишување на сопственоста, којшто се смета како датум на преземање на средството.

2.2. Проценетата вредност на преземеното средство е еднаква на проценетата пазарна вредност на преземеното средство определена од овластен проценувач во согласност со закон, намалена за очекуваните трошоци за продажба коишто ќе паднат на товар на банката.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, за преземените средства чијашто вредност е помала од 1.000.000 денари, проценетата вредност не мора да биде определена од овластен проценувач, туку може да биде определена од страна на банката, во согласност со нејзините интерни акти, намалена за очекуваните трошоци за продажба коишто ќе паднат на товар на банката.

Очекуваните трошоци за продажба се трошоци коишто се директно поврзани со продажбата на преземеното средство, како на пример нотарски трошоци, даноци и слично.

2.3. Набавната вредност на преземеното средство е вредноста наведена во актот донесен од страна на надлежен орган од кој произлегува правната основа за стекнување право на сопственост на банката над преземеното средство.

2.4. Почетната сметководствена вредност е помалиот износ од проценетата вредност важечка на датумот на преземање и набавната вредност на преземеното средство.

2.5. Нето-вредноста на преземеното средство ја претставува почетната сметководствена вредност намалена за вкупниот износ на оштетувањето.

2.6. Под ненаплатено побарување се подразбира побарувањето коешто е целосно или делумно затворено со преземањето на средството од потточка 2.1 од оваа точка, коешто служело како обезбедување за тоа побарување.

Банката може да направи отпис на делот од побарувањето којшто не е наплатен со преземеното средство, согласно со соодветните одредби од Одлуката за управување со кредитниот ризик.

2.7. Под затворена исправка на вредноста/посебна резерва се подразбира износот на исправка на вредноста/посебна резерва којшто банката го искнижила од билансот на состојба како резултат на затворањето на ненаплатеното побарување преку преземање на средството коешто служело како обезбедување за тоа побарување, при што во овој износ не се вклучува износот на исправка на вредноста/посебна резерва којшто банката го искнижила од билансот на состојба врз основа на направениот отпис од потточка 2.6 став 2 од оваа точка.

## II. ПОЧЕТНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ СРЕДСТВА

3. На датумот на преземање, преземеното средство се признава во билансите на банката по почетната сметководствена вредност.

4. Банката е должна да обезбеди процена на пазарната вредност на преземеното средство којашто е важечка на датумот на преземање на средството.

5. На датумот на преземање на средството, банката е должна во билансот на состојба да прикаже оштетување од најмалку 20% од почетната сметководствена вредност на преземеното средство.

6. Доколку износот на затворената исправка на вредноста/посебна резерва е поголем од оштетувањето од точката 5 од оваа одлука, банката е должна да ја признае оваа разлика како ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството.

Ревалоризациската резерва од ставот 1 од оваа точка е дел од дополнителниот капитал на банката и може да се исклучи од износот на дополнителниот капитал доколку бидат исполнети условите определени во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот.

## III. ПОСЛЕДОВАТЕЛНО МЕРЕЊЕ НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ СРЕДСТВА

7. Најмалку еднаш во период од дванаесет месеци, банката е должна да ја утврди проценетата вредност на преземеното средство и во билансот на успех да признае загуба за оштетување еднаква најмалку на поголемиот износ од:

- негативната разлика помеѓу проценетата вредност и нето-вредноста на преземеното средство и

- 20% од нето-вредноста на преземеното средство.

Во периодот помеѓу две процени на пазарната вредност на преземеното средство, банката ќе признае во билансот на успех дополнителен износ на загуба за оштетување еднаков на негативната разлика помеѓу нето-вредноста и износот на објавената намалена продажна цена на преземеното средство.

8. Доколку банката не успее да го продаде преземеното средство во рок од пет години по датумот на неговото преземање, должна е на крајот на петтата година да ја сведе нето-вредноста на преземеното средство на нула.

## IV. МЕРЕЊЕ НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ПРЕЗЕМЕНИ СРЕДСТВА

9. За средствата преземени до датумот на влегување во сила на оваа одлука, банката е должна да ја утврдува проценетата вредност и да признае загуба за оштетување согласно со точката 7 од оваа одлука.

10. Доколку банката не ги продаде средствата преземени до 1 јануари 2010 година најдоцна до 1 јануари 2017 година, должна е на 1 јануари 2017 година да ја сведе нивната нето-вредност на нула.

11. За средствата преземени во периодот од 1 јануари 2010 година до датумот на влегување во сила на оваа одлука, банката е должна да го направи првото признавање на загубата за оштетување од точката 9 од оваа одлука најдоцна до 1 јануари 2014 година.

Доколку банката не ги продаде затечените средства од ставот 1 од оваа точка најдоцна до 1 јануари 2018 година, должна е на 1 јануари 2018 година да ја сведе нивната нето-вредност на нула.

## V. РЕГУЛАТОРЕН ТРЕТМАН

12. При утврдувањето на лимитите од член 78 ставови 6 и 7 од Законот за банките, се зема предвид нето-вредноста на преземените средства.

## VI. УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕЗЕМЕНИТЕ СРЕДСТВА

13. Банката е должна да воспостави и да применува интерен/интерни акт/акти за управување со преземените средства којшто најмалку се однесува на:

- активностите, роковите и условите за продажба на преземените средства;
- планот за продажба на одделно преземено средство којшто ги содржи најмалку следниве елементи: продажна цена, дозволено отстапување од продажната цена, начин на продажба и максимален период за продажбата и активности за наоѓање купувач;
- следењето на спроведувањето на планот за продажба и следење на пазарните движењата коишто можат да имаат влијание врз спроведувањето на планот;
- условите под кои може да дојде до промена на планот за продажба;
- надлежностите на лицата/органите во банката за спроведување на планот за продажба, за следење на неговото спроведување и за негова промена;
- содржината и фреквенција на известување на надлежните органи на банката за преземените средства.

14. Во период од три месеци по датумот на преземање на средството, банката е должна да донесе одлука за продажба и план за продажба на преземеното средство.

Одлуката од ставот 1 од оваа точка ја носи надлежен орган во банката, согласно со интерните акти од точката 13 од оваа одлука.

15. Управниот одбор на банката е должен најмалку на квартална основа да доставува извештаи до Надзорниот одбор за:

- износот и видот на преземените средства,
- активностите преземени за нивна продажба,
- статусот на остварување на плановите за продажба на преземените средства,
- промените во плановите за продажба и причините поради кои се извршени тие промени (пр. промени во пазарните услови, оштетувања на преземеното средство и слично),
- износот на продадените преземени средства.

Покрај извештаите од ставот 1 од оваа точка, најмалку еднаш годишно Управниот одбор го известува Надзорниот одбор за износот на вкупното оштетување по одделни преземени средства.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

16. Гувернерот на Народната банка на Република Македонија може да пропише упатство за спроведување на оваа одлука.

17. На хартиите од вредност и уделите преземени врз основа на ненаплатени побарувања, соодветно се применуваат одредбите од главите V и VI од оваа одлука.

18. За сè што не е предвидено со оваа одлука, соодветно ќе се применуваат одредбите од Одлуката за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи.

19. Одредбите од оваа одлука што се однесуваат на банките се применуваат и на штедилниците во Република Македонија.

20. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

21. На денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/07 и 74/12).

**О бр. 02-15/III-3/2013**
**28 март 2013 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**